Република Македонија
**Министерство за надворешни работи**
**Директорат за организациони работи**

[redacted]

Архивски бр. 04-1847/2
Дата: 26-04-2012
Број на страни: 2

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

До
Александар Методијев ДОЈЧЕ ВЕЛЕ
Kurt – Schumacher – Straβe 3 53113 Bonn, Germany

Предмет: **одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Во врска со вашето барање насловено како: **"Колкав бил буџетот на дипломатските претставништва во изминативе 3 години и на што се однесуваат мерките за штедење што ги обзнани МНР? Во кои делови се направени кратења?"**, Министерството за надворешни работи известува дека:

1. Реализираниот Буџет на дипломатско - конзуларните претставништва во изминатите 3 години, изнесувал како што следи:

- 2009 година: 880.041.000,00 денари
- 2010 година: 826.582.500,00 денари
- 2011 година: 830.293.000,00 денари

Напомена:
Реализираниот буџет на ДКП-та во 2011 година е поголем од претходната 2010 година, како резултат на доекипирање на 15 амбасади и трошоците кои произлегоа од тоа по основ на: плати, селидбени трошоци при нивно упатување, закупнини и други тековни трошоци поврзани со нивното работење.

2. Мерките за штедење во дипломатско - конзуларните претставништва претставуваат континуитет на антикризните мерки од Владата на Р.Македонија донесени во претходните години, согласно кои беше извршено намалување на трошоците за:

- плати на вработените во ДКП-а
- Бројот на службени патувања, бројот на лицата кои патуваат и деновите на службен пат,
- не се исплатуваат дневниците за службен пат во земјата на акредитација, а за службен пат надвор од земјата на акредитација се исплатуваат дневници во висина од 35% од

Република Македонија

**Министерство за надворешни работи**

**Директорат за организациони работи**

износот на дневниците утврден по држави и градови согласно Уредбата за изменување на Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство (Сл.в. на РМ бр. 82/2010),

- намалени трошоци за гориво на службените возила,
- Намален лимит на службените мобилни телефони,
- Намалена репрезентација за 20%,
- Намалени трошоци за капитални инвестиции: опрема, мебел и возила

Покрај намалување на претходно наведените трошоци, извршена е максимална заштеда и на други трошоци во тековното работење за набавка на: стоки, услуги и работи.

Со почит,

Државен советник
Александар Угриноски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ СКОПЈЕ

изработил: службено лице на МНР
Емилија Николовска

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk